## Зошто „Алкалоид“?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ КОН НАШИОТ ТИМ!

**Позиција: Специјалист за интелектуална сопственост (2 извршители)**

**Оддел: Медицински работи, портфолио и трговски марки – Трговски марки**

Доколку сакате да бидете дел од тимот на Медицински работи, портфолио и трговски марки – Трговски марки во модерна фармацевтска компанија која се грижи за своите вработени и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

### Како ќе ве препознаеме?

- Имате завршено високо образование – Правен факултет.
- Положен стручен испит за застапник за индустриска сопственост ќе се смета за предност.
- Поседувата работно искуство од најмалку 5 години работен стаж во областа на правните работи во интернационални компании. Искуство во областа на интелектуалната сопственост ќе се смета за предност.
- Педантни сте, прецизни и темелни, со особено внимание на детали.
- Имате критички пристап спрема работата, аналитичко и стратешко размислување и вештини за донесување одлуки.
- Имате развиени вербални и писмени комуникациски вештини и ориентација спрема тимска работа.
- Проактивни сте и со способност за давање приоритет на задачи во динамична работна средина.
- Поседувате способност за ефектно работење, самостојно и во тим.
- Самоуверени и самостојни сте во работата со пакетот MS Office.
- Имате одлично познавање на англискиот јазик.

### Цели и одговорности на работното место

- Навремено и точно менаџирање со портфолиото на Трговски марки и дизајни, особено поднесување нови пријави, следење процеси за регистрација, продолжување важност, како и подготовка на сите потребни документи и собирање информации за постапките пред надлежните заводи и институции на глобално ниво
- Пребарување и анализа на меѓународни виртуелни дата-бази за трговски марки
- Пребарување, анализа и изготвување извештаи за регистрабилноста на трговските марки и дизајни
- Изработка на правни мислења, приговори, на опомени, тужби и на секаков вид поднесоци за различни видови постапки од областа на интелектуалната сопственост
- Анализа на постојни и изработка на нови договори
- Активна комуникација со заводи и со застапници за интелектуална сопственост
- Анализа на легислативата за правата од интелектуална сопственост во различни држави
- Работење на специјализиран меѓународен софтвер за менаџирање со интелектуалната сопственост
- Вршење менторство на колегите во тимот.
- Едукација и одржување интерни обуки на засегнати страни од компанијата

### Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и бенефити во зависност од остварените цели

**АПЛИЦИРАЈТЕ** на следниот линк: https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/53

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
Здравјето пред сè